Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

Извадок на дел од дневни настани 27.06.2021

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (26.06.2021) продолжи со контроли во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 173 мерка, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 44 санкции, 20 санкции за управување возило под дејство на алкохол, 10 прекршоци што ги чинат возачите на мотоцикли, 19 санкции за управување без возачка дозвола.
Исто така, изречени се пет санкции за управување на технички неисправни и нерегистрирани возила, шест санкции за некористење сигурносен појас, осум за користење мобилен телефон при управување возило....

На 26.06.2021 во 14,20 часот било пријавено дека во Струга, на локален пат за с.Радолишта, се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко моторно возило „мерцедес“ со охридски регистарски ознаки, управувано од А.Ш.(60) од с.Делогожда-струшко и патничко моторно возило „мерцедес“ со струшки регистарски ознаки управувано од А.А.(39) од Струга. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил возачот А.Ш. констатирани во Специјалната болница „Св.Еразмо-Охрид“, а со телесни повреди се здобиле сопатникот од истото возило Ш.К.(20) од Р.Албанија и возачот А.А. констатирани во Медицинскиот центар во Струга. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од Полициската станица Струга.

На 26.06.2021 во 19,30 часот било пријавено дека на локалниот пат Скопје – ХЕЦ Козјак се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко моторно возило “опел“ со скопски регистарски ознаки управувано од Р.В.(27) од Скопје и патничко моторно возило “опел“ со скопски регистарски ознаки управувано од Л.Ќ.(40) од Скопје. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобиле возачот Р.В. и малолетен сопатник од другото возило констатирани во Комплексот клиники “Мајка Тереза“ и Градската општа болница “Св.Наум Охридски“, а со телесни повреди се здобила Л.Ќ. и сопатниците од двете возила И.С.(68), М.С.(64), Д.Г.(27) и малолетник, сите од Скопје, констатирани во Градската општа болница “Св.Наум Охридски“. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Скопје.

На 26.06.2021 во 15,30 часот било пријавено дека на автопат “Пријателство“ Скопје-Велес мотоцикл “хонда“ со скопски регистарски ознаки управуван од А.С.(49) од Скопје паднал на коловозот. Во незгодата мотоциклистот се здобил со тешки телесни повреди констатирани во Општата болница-Велес. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Скопје.

На 26.06.2021 во 22,55 во Полициската станица Центар С.А.(24) од Гостивар пријавил дека на ул.“Боемска“ бил каснат од куче скитник.

На 26.06.2021 во 10,50 часот во Полициската станица Бит Пазар А.М.(78) од Скопје пријавил дека на ул.“Петре Георгиев“ бил каснат од куче скитник.

На 26.06.2021 во 14,00 часот од полициски службеници од СВР Штип на ул.“Партизанска“ во Штип бил лишен од слобода К.Е.(37) од Штип, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена прашкаста бела материја. По документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 26.06.2021 во 20,00 часот од полициски службеници од ОВР Гостивар на локалниот пат за с.Дебреше бил лишен од слобода М.С.(51) од с.Дебреше затоа што во неговото возило биле пронајдени огревни дрва кои ги превезувал без потребни документи. Возилото и дрвата биле одземени и предадени на Шумска полиција, а по целосното документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 26.06.2021 во 18,12 часот во СВР Охрид било пријавено дека во угостителски објект на плажа во Градиште С.К.(23) и С.К.(21) двајцата од Охрид физички го нападнале В.С.(27) од Охрид и притоа фрлале разни предмети од инвентарот во објектот (стаклени чаши, столици, маси) и му нанеле тешки телесни повреди. Се работи на расчистување на случајот.

На 27.06.2021 во 01,20 часот било пријавено дека покрај пругата помеѓу с.Волково и с.Ново Село избувнал пожар во нива со жито, кој се проширил и на пругата, при што биле изгорени три прагови. Пожарот бил изгаснат од Бригадата за противпожарна заштита-Скопје. Железничкиот сообраќај бил во прекин од 01,20 до 05,00 часот.

Во текот на изминатото деноноќие (26/27.06.2021) на територијата на Република Северна Македонија, за мерката за носење лична заштита на лице, регистрирани се 50 прекршоци.

На 26.06.2021 во 23,05 часот во Полициската станица Центар С.А.(56) од Скопје пријавил дека на Кеј „Димитар Влахов“ бил каснат од куче скитник.

На 26.06.2021 во 19,30 часот во Полициската станица Карпош 17-годишник од Скопје пријавил дека на ул.“Њуделхиска“ бил каснат од куче скитник.

На 27.06.2021 во 11,35 часот во СВР Тетово А.С. (39) пријавила дека околу 11,00 часот во семејниот дом во Тетово извршила кривично дело убиство врз нејзиниот 51- годишен невенчан сопруг А.И.. Според пријавеното, во извршувањето на кривичното дело осомничената употребила тврд предмет. Извршен бил увид на местото на настанот од Јавен обвинител и увидна екипа од СВР Тетово и по документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава против А.С..

На 26.06.2021 во 18,00 часот од полициски службеници од СВР Скопје на подрачјето на Центар биле приведени Л.Н.(19) и уште двајца малолетници на возраст од 15 години од Скопје поради постоење основи на сомнение дека истиот ден физички го нападнале В.М.(25) од Скопје. По целосното документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 26.06.2021 во 19,40 часот било пријавено дека во с.Царев Двор се случила сообраќајна незгода помеѓу мопед “томос“ со охридски регистарски ознаки управуван од Н.Т.(44) од Ресен и велосипед управуван од Ј.М.(49) од Ресен. Во незгодата Н.Т. се здобил со тешки телесни повреди констатирани во Клиничката болница Битола. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од Полициската станица Ресен.

На 26.06.2021 во 21,10 часот на регионалниот пат во близина на леарница во Пробиштип се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко моторно возило “мазда 3“ со штипски регистарски ознаки, управувано од Г.Т.(56) од Штип, патничко моторно возило “мазда СХ5“ со германски национални ознаки, управувано од Д.М.(36) од Пробиштип и моторцикл “томос“ со регистарски ознаки од Пробиштип, управувано од Т.Ј.(67) од Пробиштип. Во незгодата мотоциклистот се здобил со тешки телесни повреди констатирани во Клиничката болница во Штип. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од Полициската станица Пробиштип.

На 26.06.2021 во 20,50 часот било пријавено дека во Штип на ул.“Брегалничка“ се случила сообраќајна незгода помеѓу товарно моторно возило “мерцедес“ со штипски регистарски ознаки, управувано од Б.С.(36) од Штип и патничко моторно возило “ауди“ со штипски регистарски ознаки, управувано од В.С.(26) од Штип. Во незгодата возачот В.С. се здобил со тешки телесни повреди констатирани во Клиничката болница во Штип. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Штип.

На 26.06.2021 во 01,40 часот во Пробиштип пред угостителски објект од полициски службеници од Полициската станица Пробиштип бил лишен од слобода С.Ј.(21) од с.Герман–Ранковци бидејќи физички нападнал полициски службеници кои вршеле службени дејствија. За настанот бил известен Јавен Обвинител. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 26.06.2021 во 22,50 часот Џ.А.(47) од Скопје пријавил дека на подрачјето на Шуто Оризари на неговиот син, О.М. и уште неколку лица му се заканувале со пиштол и тврди предмети поради претходна расправија. Се работи на расчистување на случајот.

На 26.06.2021 во 18,00 часот во Полициската станица Кавадарци Д.Т.(67) од Кавадарци пријавила дека од дома се оддалечил нејзиниот син М.Т.(42). Се превземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 26.06.2021 во 17,40 часот било пријавено дека во Свети Николе на ул.„Филип Втори“ настанал пожар во куќа сопственост на Г.Ѓ.(51). Во пожарот била опожарена контролната табла со осигурувачи, а бил изгаснат од Територијалната противпожарна единица Свети Николе.

На 26.06.2021 во 22,05 часот во Тетово на раскрсницата од ул.“Тодор Циповски Мерџан“ со ул.“Кузман Јосифовски Питу“ настанал пожар во возило “пежо 206“ со тетовски регистарски ознаки сопственост на Б.С.(67) од Тетово. Пожарот бил локализиран од Територијалната противпожарна единица Тетово. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Тетово.
На 26.06.2021 во 05,00 часот од полицски службеници од СВР Охрид бил лишен од слобода О.С.(34) од с.Лешани–охридско поради тоа што се заканувал на полициски службеник кој бил на работното место, а потоа со своето патничко моторно возило насилно влегол во кругот на објектот на СВР Охрид. По целосното документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 27.06.2021 во 01,45 часот Џ.М.(39) од Скопје пријавил дека на 26.06.2021 околу 22,40 часот на подрачјето на Центар од две лица со закана со тврди предмети му било одземено патничко моторно возило “голф“ сопственост на правно лице. Се работи на расчистување на случајот.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет